Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-376/7
05-06-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-376/1 од 18.04.2024 година, поднесена од проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, кандидатка за претседател на Република Северна Македонија, сега претседателка на Република Северна Македонија, со адреса на ул. "Ацо Караманов", бр. 33А во Скопје, Вила "Водно" Скопје, против кандидатот за претседател на Република Северна Македонија, поранешен претседател на државата, г-дин Стево Пендаровски, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје и поранешниот претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, г-дин Димитар Ковачевски, за извршена дискриминација врз основа на пол и возраст, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА** по претставка број 08–376/1 од 18.04.2024 година, поднесена од кандидатката за претседател на Република Северна Македонија, сега претседателка на државата, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, **поради повлекување на претставката од страна на подносителот.**

## Образложение

На 18.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на кандидатката за претседател, сега претседателка на Република Северна Македонија, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, за извршена дискриминација врз основа на пол и возраст од страна на кандидатот за претседател на Република Северна Македонија, поранешен претседател на државата, г-дин Стево Пендаровски и против поранешниот претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, г-дин Димитар Ковачевски.

Во претставката се наведува дека на 02.04.2024 година во Државната Изборна Комисија сите кандидати за претседател на Република Северна Македонија потпишале Кодекс за фер и демократски избори со кој се согласиле и обврзале дека нема да користат говор на омраза и нема да вршат никаква дискриминација и омаловажување врз основа на пол преку своето дејствување и со своите активности ќе учествуваат во зацврстување на фундаменталните вредности на демократијата и ќе придонесуваат кон градење на доверба во изборниот систем. Понатаму во

претставката се посочува дека од почетокот на изборната кампања кон подносителката неколкукратно се упатувале навреди врз основа на пол и возраст, се демонстрирала објективизација и се промовирала нејзина потчинетост како жена од некој маж, со што се ширеле мизогинија и сексизам кои биле регулирани со наведениот Кодекс, Законот за спречување и заштита од дискриминација и со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Се посочуваат неколку изјави дадени на митинзи и во низа јавни настапи во текот на кампањата кои не биле осудени од страна на кандидатот за претседател, поранешен претседател на Република Северна Македонија, г-дин Стево Пендаровски, раководството на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, ниту од страна на Форумот на жени на оваа политичка партија, туку напротив според подносителката истите биле одобрени и поттикнати со смеење, ракоплескање и триумфално однесување на гореименуваните.

По ова од страна на подносителката на претставката, сега претседателка на Република Северна Македонија, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, на 29.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставен е Поднесок број 08-376/6 за повлекување на поднесената предметна претставка.

Врз основа на гореизнесеното, а согласно член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) со кој е утврдено дека: ***"Комисијата носи заклучок за неповедување или запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето."***, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
28.05.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, претседателка на Република Северна Македонија ул. "Ацо Караманов", бр. 33А, Вила Водно, Скопје
- Архива